**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310-39
Број на постапка 52933
04.10.2024 година
Велес

**ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1 , ГП 26 И ГП 25 ВО РАМКИТЕ НА „ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЛОКАЛИТЕТ Е“ , ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Општина Велес ја разгледа доставената документација со барањето за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1 , ГП 26 и ГП 25 во рамките на „Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Локалитет Е“ , Општина Велес, изработен од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, со техн.бр.0206-03/23 од Мај 2024 година и согласно Законот за урбанистичко планирање (чл.63 од Законот за урбанистичко планирање, Сл. Весник на РСМ број 32/20, 111/23 и 171/24) и Правилникот за урбанистичко планирање, (Сл.Весник на Р.С.М. број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), ја издава следната:

**П О Т В Р Д А**

Се издава Потврда за одобрување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1 , ГП 26 и ГП 25 во рамките на „Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Локалитет Е“ , Општина Велес, изработен од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, со техн.бр.0206-03/23 од Мај 2024 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, поднесе барање за одобрување Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1 , ГП 26 и ГП 25 во рамките на „Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Локалитет Е“ , Општина Велес, изработен од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, со техн.бр.0206-03/23 од Мај 2024 година, врз основа на извод од план со УП бр.13-5420/2 од 30.12.2022 година. Во постапката е приложена следната документација:

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

1. Проектна програма со тех.бр.0206-03/23 од Јануари 2024 година одобрена со УП бр.1310-39 од 17.05.2024 година;
2. Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1 , ГП 26 и ГП 25 во рамките на „Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Локалитет Е“ , Општина Велес, изработен од Друштво за градежништво, промет, посредување и услуги ТИПИНГ ДООЕЛ Велес, со техн.бр.0206-03/23 од Мај 2024 година и одобрено со позитивно мислење од комисија со УП бр.1310-39 од 10.09.2024 година;
3. Извештај од стручна ревизија на урбанистички проект, со тех.број 0901-364/24 од Јули 2024 година, изработен од Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ - ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул.Илинден бр.107/13, Скопје;
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени - ажурирана геодетска подлога со деловоден бр.08-18/4 од 18.01.2023 година, изработен од друштво за геодетски работи „ГЕОДЕТ“ ДООЕЛ Радовиш заверен од АКН со број 1110-7/2023 од 18.01.2023 година.
5. Електронски запис од АКН дека го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект;
6. Полномошно од инвеститорот;
7. Донесена Одлука на Совет со бр.25-3694/6 од 25.09.2024 година
8. Мислења од субјектите од член 47 од Законот за урбанистичко планирање:
    - Дирекција за заштита и спасување – подрачно одделение Велес со бр. 09-161/2 од 26.07.2024 година.
    - Агенција за катастар на недвижности со бр.0939-11583/2 од 22.08.2024 година
    - Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со бр.10-23/6-338 од 06.08.2024 година.
    - Македонски Телеком АД Скопје со бр.63628 од 15.07.2024 година.
    - ЈКП Дервен со бр.09-1409/2 од 21.08.2024 година.

Општина Велес по разгледување на доставеното барање и приложената документација, согласно наведениот Закон ја издава бараната Потврда за одобрување на урбанистички проект.

Градоначалник
на Општина Велес
**Марко Колев**

Marko Kolev
Digitally signed by Marko Kolev
Date: 2024.10.05 06:47:46 +02'00'